**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**___________ООУ„Живко Брајковски“_- Скопје, Бутел________________**

**за период од __2022_ до __2024_ година**



10.07.2024

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„Живко Брајковски“ – Бутел, Скопје |
| Адреса | ул. „Краишка“ бр. 1А 1000 Скопје |
| Телефон, е-пошта | Тел./факс 02/2 621-412, zhivkobrajkovski@yahoo.com,<br><br>ou-zhivkobrajkovski-butel@schools.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | 2022-2024година |
| Број на ученици во училиштето | 941 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Магдица Пеева |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | 10.07. 2024г. |
| Име и презиме | Ардиан Буњаку – претседател на УО |
| Потпис | |
| Датум | 10.07.2024г. |

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** | | |
|---|---|---|
| ред.бр. | **Индикатори за квалитет** | **Изготвиле:** |
| 1.1 | **Планирања на наставниците** | Александра Николова Ивановски<br>Фатиме Алии<br>Сузана Христовска<br>Верица Милошевска<br>Христина Атанасоска<br>Димко Спироски<br>Фатиме Мифтари<br>Мазес Шахини<br>Шпетиме Алији<br>Ханифе Смаили Амза<br>Ваљбона Шерифи<br>Лејла Нухиу |
| 1.2 | **Наставен процес** | |
| 1.3 | **Искуства на учениците од учењето** | |
| 1.4. | **Оценувањето како дел од наставата** | |
| 1.5 | **Воннаставни активности и натпревари** | |

## Собирање податоци

## Индикатор 1.1 Планирања на наставниците

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| Годишни, тематски планирања и дневна подготовка; (Проверка на навременоста на изготвување на годишните планирања, проверка на навременоста на реализирање на тематските планирања); Разговор со директор, стручна служба, наставници; Записници од состаноците на стручните активи; Прашалник за наставници; Прашалник за родители; Прашалник за ученици; | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручната служба. Наставниците ги планираат и средуваат планирањата на почетокот на учебната година и истите се доставуваат до педагошката служба. Оперативните планови за наставен час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручната служба. Најмалку два пати во учебната година се следат планирањата на наставниците од директорот и стручната служба.<br><br><br><br><br><br> |

За исказот „Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието“,  51% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 45% дека се согласуваат, 2 % не се согласуваат и 2 % немаат информација .










За исказот „Директорот и стручните соработници следат  најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие“,  37% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 59% дека се согласуваат, 4 % не се согласуваат.










За исказот „За моите следени часови добивам конструктивна повратна информација“, 45% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 53% дека се согласуваат, 2 % не се согласуваат.

| | | |
|---|---|---|
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците во училиштето најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, исто така користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта со кои има соработка. Планирањата кај наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.   |




За исказот „Во рамки на стручни активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието“,  45% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 55% дека се согласуваат.






| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br><br>За исказот „Добро соработувам со колегите во училиштето“,  65% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 35% дека се согласуваат. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

<table>
<tr>
<td>Наставни планови и програми донесени од МОН;<br>Самоевалуација на училиштето;<br>Годишна програма за работа на училиштето;<br>Тематски/тематско процесни планирања на наставниците;<br>Нормативни акти на училиштето;<br>Стручни упатства и насоките за операционализација на нас<br>тавните планови и програми;<br>Педагошка евиденција и документација;<br>Анкети со наставници, родители и ученици;<br>Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите<br>и учениците;<br>Записници од училишниот одбор, инклузивниот тим, советот на родители и стручните органи на училиштето;</td>
<td>Реализација на наставни планови и програми</td>
<td>Наставни планови и програми кои се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука (МОН) ги реализираше во целост. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепциите за основно образование. Содржините по наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.<br>






<br>За исказот „Добивам поддршка од директорот и / или стручната служба при изготвување планирање за мојот наставен предмет/ предмети“, 47% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 43% дека се согласуваат, а само 10 % не се согласуваат.</td>
</tr>
</table>

Избор на наставни предмети

Училиштето нуди по три изборни предмети по одделение, според наставниот план. Постапката за определување на изборни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Во рамките на слободните часови/проектни активности, училиштето континуирано нуди и реализира програми за задоволување на интересите и желбите на учениците од разни области, вклучувајќи и програми за здобивање со знаење и вештини од областа на претприемништво и иновации, бизнис и кариерен развој, меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето осигурува вклученост на учениците со посебни образовни потреби во слободните часови.










За исказот „Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам“, 26% ученици одговориле дека целосно се согласуваат, 37% дека се согласуваат,

18% одговориле дека не се согласуваат, 8% воопшто не се согласуваат и 11% немаат информација.









За исказот „Запознаен/а сум со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности“, 54% родители одговориле дека целосно се согласуваат, 29% дека се согласуваат, 7% одговориле дека не се согласуваат, 2% воопшто не се согласуваат и 8% немаат информација.










За исказот „Изборните предмети/активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси“, 35% родители одговориле дека целосно се согласуваат, 46% дека се согласуваат,11% одговориле дека не се согласуваат, 3% воопшто не се согласуваат и 5% немаат информација.

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Избор на задачи, активности и на ресурси</td>
<td>

Наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. За време на часовите наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат. Во училиштето застапена е интерактивна настава. Учениците активно се вклучени во процесот на учење. При посета на часовите констатирани се разновидни форми, методи и современи наставни техники кои овозможуваат интеракција на релација наставник-ученик и ученик-ученик. Интеракцијата е застапена на часовите за усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата, која се согледува праку користење на наставни ливчиња, решавање проблемски ситуации и слободна размена на мислење.










За исказот „На најголем број од часовите,сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме прашања, дискутираме, работиме во групи)", 40% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат, 39% дека се согласуваат, 11% одговориле дека не се согласуваат и 10% воопшто не се согласуваат.

</td>
</tr>
</table>










За исказот „Наставниците однапред нѝ објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена", 39% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат, 46% дека се согласуваат, 11% одговориле дека не се согласуваат, 2% воопшто не се согласуваат и 2% немаат информација.









За иказот „Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена", 37% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат, 48% дека се согласуваат,10% одговориле дека не се согласуваат, 3% воопшто не се согласуваат и 2% немаат информација.









За исказот „Во наставата користам различни ресурси за учење и настава“, 53% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат и 47% дека се согласуваат.









За исказот „Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе“, 86% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат и 14% дека се согласуваат.










За исказот „На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив“, 61% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат и 39% дека се согласуваат.

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно</td>
<td>Во училиштето застапена е интерактивна настава. Учениците активно се вклучени во процесот на учење. Овозможуваат интеракција на релација наставник-ученик и ученик-ученик. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без притоа да се прави разлика во однос на нивниот пол, социјалното потекло, како и нивната етничка припадност. Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување на напредокот на учениците. Наставниците редовно им даваат на учениците повратна информација за нивната работа, напредок и постигнувањата.<br><br>Голем број ученици сметаат дека во училиштето учат работи кои им се корисни во животот. Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти со другите ученици, во групи и тимски.<br><br>




</td>
</tr>
</table>

За исказот „Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе“, 86% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат и 14% дека се согласуваат.










За исказот „На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив“, 71% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат и 29% дека се согласуваат.

1.1) На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)

95 responses




1.1 Në orët kam mundësi të mësoj në mënyra të ndryshme (p.sh. përmes projekteve, përmes lojës, përmes hulumtimit, etj.)

60 responses







За исказот „На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)“,49% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат и 39% дека се согласуваат, 9% не се согласуваат и 3% воопшто не се согласуваат.

1.16) На часовите можам слободно да кажам што мислам

95 responses




1.16 Në orët mund të them lirisht atë që e mendoj

60 responses



| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>За исказот „На часовите можам слободно да кажам што мислам“  43% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат и 32% дека се согласуваат, 16% не се согласуваат, 7% воопшто не се согласуваат и 2% немаат информација. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Реализација на образовна инклузија</td>
<td>
Училиштето посветува особено внимание на инклузијата на децата со посебни образовни потреби. Наставниците имаат посетено обуки за работа со деца на кои им се потребни посебни образовни потреби и природи. Секој наставник кој во својата паралелка има ученик со пречки во равојот има изработено ИОП за работа со деца со посебни образовни потреби.<br><br>
За учебната 2023/2024 година во училиштето учат вкупно 30 ученици со посебни образовни потреби, за 27 е издаден наод и мислење од надлежна институција (МКФ).<br>
За работата со овие ученици училиштето има формирано инклузивен тим составен од седум члена, со Одлука, заведена со број 02-251/ 2 од 25.08.2022 – 25.08.2025 година.<br><br>
Инклузивниот тим во соработка со родителите/старателите, изработува индивидуален образовен план за работа. Најголем број од наставниците работат со деца со ПОП според прилагодени наставни програми, според адаптирани наставни цели по наставните предмети во соработка со стручните соработници, општинските дефектолози и родителите. Диференцираниот пристап е карактеристичен при работа со децата со посебни образовни потреби.<br><br>
Министерството за образование и наука, преку ресурсниот центар „Иднина“ за учебната 2023/2024 година за 6 ученика обезбеди обрзовни асистенти.<br>






</td>
</tr>
</table>

За исказот „Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете“, 47%  од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 37% дека се согласуваат, 9% одговориле дека не се согласуваат, 3% воопшто не се согласуваат и 4% немаат информација.










За исказот „Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците“, 61% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат и 39% дека се согласуваат.










За исказот „Успешно соработувам со образовните асистенти“, 49% одговориле дека целосно се согласуваат, 41% дека се согласуваат, 2% воопшто не се согласуваат и 8% немаат информација.






| | | |
|---|---|---|
| | | <br>За исказот „Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето“, 65% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 31% дека се согласуваат и 4% не се согласуваат. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Активности за меѓуетничка интеграција во образованието</td>
<td>
Училиштето преку советот на родители и стручните активи на наставниците планира активности од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност. Во склоп на одделни наставни предмети се реализираат наставни содржини кои согласно целите во наставните програми промовираат родова и етничка рамноправност и мултикултурализам; се реализира и програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција. Една од целите во рамки на делувањето на стручните активи е и планирањето и реализацијата на интегрирани наставни содржини. Се разработуваат стручни теми и се реализираат отворени часови, со анализи, согледувања и насоки за унапредување на интегративниот пристап. Училиштето дава предлози за дополнување на наставните планови и програми, врз основа на барања од родители, наставници и стручните соработници до Бирото за развој на образованието (БРО).









</td>
</tr>
</table>

За исказот „Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици“, 32% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 36% дека се согласуваат,18% одговориле дека не се согласуваат, 3% воопшто не се согласуваат и 11% немаат информација.










За исказот „Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план“, 47% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат и 53% дека се согласуваат.

**Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето**

| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|---|
| Прашалник за ученици;<br><br>Прашалник за родители;<br><br>Прашалник за<br><br>наставници;<br><br>Разговор со ученичката заедница;<br><br>Кодекс за однесување | Средина и атмосфера за учење | Средината за учење поттикнува доволно интерес за учење во стимулативна и пријатна атмосфера. Училишниот простор е уреден со ученички трудови, постигања, информации, паноа за подучување и др. Пред училниците од одделенска настава има информативно пано за учениците и родителите.<br><br>На учениците им се допаѓа средината за учење (истото го потврдуваат и нивните родители во анкетните прашалници, но и на родителските средби и на индивидуалните разговори со родители). Тие сметаат дека начинот на кој што учат во училиште е интересен и го сакаат училиштето. Тие се задоволни како наставниците им помагаат на учениците да го подобрат своето учење и дека повторно ги обработуваат наставните содржини кои не се разбрани доволно. Сите наставници се трудат да ги идентификуваат различните образовни потреби на учениците и при тоа имаат поддршка од директорот и стручната служба. Различните потреби на учениците во врска со учењето се задоволуваат преку натпревари, квизови, интерактивни и интегрирани активности, презентации, учење по диференцијални нивоа. |









За исказот „На моето дете повеќето часови му се интересни“, 42% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 45% дека се согласуваат, 9% не се согласуваат, 2% воопто не се согласуваат и 2% немаат информација.










За исказот „Наставниците ја прават содржината од предметите интересна“, 31% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат, 46% дека се согласуваат, 12% не се согласуваат, 8% воопшто не се согласуваат и 3% немаат информација.










За исказот „За време на моите часови има добра работна атмосфера“, 69% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 29% дека се согласуваат и 2% не се согласуваат.

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците</td>
<td>Идентификувањето на проблемите на учениците во текот на наставната година се следи системски. Наставниот кадар, специјалниот едукатор и рехабилитатор заедно со педагогот на почетокот на учебната година ги идентификуваат и препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење и преземаат активности за нивно отстранување. Во училиштето има повеќе ученици со посебни образовни потреби, како и ученици со потешкотии во учењето кои се интегрирани во редовната настава со другите ученици и за нив се изработуваат посебни програми според нивните потреби и можности за работа.<br><br>Редовно се врши поттикнување на послабите ученици да учат и да го достигнат својот максимум. Најголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со цел учениците да научат најмногу што можат. Наставниците кон сите ученици се однесуваат еднакво, независно од полот, социјалното потекло, етничка припадност. Според дел од испитаниците кога детето има потешкотии во учењето наставникот му обезбедува соодветна помош и поддршка. Голем број ученици сметаат дека наставниците им помагаат како да го подобрат своето учење и дека наставниците повторно ги обработуваат содржините кои не се разбрани добро.<br><br>




</td>
</tr>
</table>

За исказот „Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето“, 65% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 31% дека се согласуваат и 4% не се согласуваат.









За исказот „Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати“, 53% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 41% дека се согласуваат, 4% не се согласуваат, 2% не се согласуваат, 1% воопшто не се согласуваат и 3% немаат информација.










За исказот „Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи“, 53% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 37% дека се согласуваат, 5% не се согласуваат, 1% воопшто не се согласуваат и 4% немаат информација.

| Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Полугодишни и годишни извештаи на Училиштето;<br><br>Програма за работа на училиштето; Стандарди за оценување;<br><br>Увид во педагошка евиденција и документација;<br>Користени | Училишна политика за оценување | Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Критериумот за оценување на постигањата на учениците е според националните стандарди за оценување со кои учениците се запознаени по повеќето наставни предмети.<br><br><br><br><br>За исказот „Применувам различни начини на оценување на учениците“, 61% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 37% дека се согласуваат и 2% не се согласуваат. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Методи, форми и инструменти за оценување</td>
<td>

Наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците. Наставниците користат разновидни методи за оценување. Се применуваат: чек листи за оценување на постигањата на учениците, наставно ливче, усна повратна информација, портфолија, писмена работа, контролен тест, тестовите на знаење на крајот од наставните теми и друго. Оценката е сумативна од сите компоненти а оценувањето е транспарентно и континуирано. Сите наставници применуваат формативно и сумативно оценување. Наставниците не прават разлика помеѓу учениците по пол, етничка припадност и социјален статус Учениците добиваат повратна информација од наставниците за нивните постигања. Поголемиот број од испитаниците сметаат дека наставниците во наставата користат разновидни форми и модели на поучување кои соодвестуваат со потребите на учениците и нивните стилови на учење и дека во процесот на оценувањето наставниците ги вклучуваат учениците т.е. го почитуваат мислењето на учениците. Исто така сметаат дека оценувањето е реално и објективно. Според учениците наставниците ги охрабруваат самостојно и критички да размислуваат и дека редовно го проверуваат нивното знаење.










На прашањето дали редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година) 71% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 27% дека се согласуваат и 2% не се согласуваат

</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Следењето на напредокот на учениците се евидентира во електронскиот дневник од страна на одделенските и предметните наставници. Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења преку непосредно набљудување, формативно и сумативно оценување. Училиштето, исто така води евиденција за редовно следење на наставата, поведението и евиденција на изречени педагошки мерки. Ваквата евиденција им е достапна на сите наставници, родители и ученици.<br><br>Училиштето врши анализа и споредба на постигнувањата на учениците, како и за редовноста и поведението на крајот на учебната година со претходната учебна година.<br><br>Постигнувањата на учениците во последните две учебни години, односно 2022/2023 и 2023/2024, говорат за континуитет на успехот на учениците во училиштето, без големи промени и отстапувања. Училиштето располага и со податоци и анализи за постигањата на учениците според: пол, етничка припадност, паралелки, предмети, споредбена анализа за успехот на задолжителните и изборните предмети и анализа на успехот на учениците при премин од одделенска во предметна настава.<br><br>Коефициентот на континуитет на успехот, во последните две учебни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е 0.93 за учебната 2022/2023 и 0.91 за учебната 2023/2024 година.<br><br>Средниот успех е земен само за учениците од 7, 8 и 9 одделение, бидејќи учениците од 4, 5 и 6 одделение на полугодие се оценуваат описно.<br><br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>На прашањето дали ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете 61% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 33% дека се согласуваат, 1% не се согласуваат и 1% немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците редовно ги следат постигањата на учениците и транспарентно ги информираат родителите и учениците за успехот со насоки за подобрување на истиот. За напредокот и постигнатите резултати, учениците се информираат од одделенските раководители и предметните наставници, писмено и усмено, а родителите добиваат известување при индивидуални и општи родителски средби како и по електронски пат (Е-дневник) и преку смс пораки. На крајот на секој класификационен период, одделенските наставници и одделенските раководители изготвуваат евидентни листи со информации за успехот и поведението на учениците од прво до деветто одделение. Учениците од прво до трето одделение се оценуваат описно, додека пак, учениците од четврто до шесто одделение деветгодишно образование се оценуваат описно на крајот на првото и третото тримесечие, како и на крајот на првото полугодие, а на крај на учебната година се оценуваат бројчано. Учениците од седмо, осмо и деветто одделение деветгодишно образование се оценуваат бројчано. Евидентните листи содржат и информации за социјалниот развој на учениците. Од родителите се бараат повратни информации за соодветните активности, кои се преземаат за подобрување на успехот и постигањата на ученици.<br><br>Напредокот, односно постигањата на учениците редовно се следат преку одржаните одделенски и наставнички совети. Присутноста, односно редовноста на учениците континуирано се следи и евидентира од страна на предметните и одделенските наставници и стручните соработници. За учениците кои неоправдано отсуствуваат од настава се применуваат, односно изрекуваат соодветни педагошки мерки. Родителите на учениците кои имаат намален успех во учењето, нередовно ја посетуваат наставата или несоодветно се однесуваат, се покануваат на советување од страна на одделенските наставници и раководители, а советувањето го спроведува психологот на училиштето. Евиденцијата за напредокот и редовноста на учениците е достапна за сите заинтересирани целни групи. За истото, тие се информираат од извештаите на одделенските и наставничките совети, а учениците и родителите на одделенските часови, односно на одржаните родителски средби, отворени денови и приемни денови на наставниците индивидуално, од состаноците на Ученичката заедница, електронскиот дневник, СМС пораки. Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, дневникот на паралелката, евидентните листови на секое тримесечие, свидетелства, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој (од прво до трето одделение деветгодишно образование). Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручните соработници и родителите на ученикот/ученичката. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, одделенските/предметните наставници и родителите во интерес на напредокот на учениците. |










На прашањето дали од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете 39% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 44% дека се согласуваат, 9% не се согласуваат, 3% воопшто не се согласуваат и 5% немаат информација.






| | | |
|---|---|---|
| | | <br>На прашањето дали сум информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период 32% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 42% дека се согласуваат, 10% не се согласуваат, 6% воопшто не се согласуваат и 10% немаат информација. |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

<table>
<tr>
<td>Разговор со Директорот;<br>Разговор со ученици, наставници и родители;<br>Педагошка евиденција и документација;<br>Годишна програма за работа на училиштето;<br>Полугодишен и годишен Извештај од работата на училиштето;<br>Програма за дополнителна и додатна настава;<br>Список на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>Освоени награди на Натпревари;<br>Анкета;<br>Web страна на Училиштето;<br>Разговор со стручна служба;</td>
<td>Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности</td>
<td>
Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, когнитивен, социо-емоционален, психомоторен, кариерен (професионален) и друг развој.










На прашањето дали училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.) 29% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 40% дека се согласуваат, 25% не се согласуваат и 6% воопшто не се согласуваат.
</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<td>Записници од работата на Училишната Заедница.</td>
<td>Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со вонnаставните активности</td>
<td>
Учениците се вклучени во вонnаставните активности според сопствен избор. Групите се хетерогени и обезбедуваат градење соживот меѓу учениците. Во училиштето постојат примери за вклучување на учениците со ПОП во вонnаставните активности. Учениците учествуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа за вонnаставните активности.










На прашањето дали моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго 60% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 27% дека се согласуваат, 8% не се согласуваат, 2% воопшто не се согласуваат и 3% немаат информација.
</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности</td>
<td>

Најголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност кои се прилагодени според индивидуалните потреби и можности на учениците. Во воннаставните активности се вклучени и учениците со ПОП.










На прашањето дали Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес 29% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 46% дека се согласуваат, 17% не се согласуваат, 1% воопшто не се согласуваат и 7% немаат информација.

</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Натпревари | Учениците од страна на наставниците и училиштето се мотивирани да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации каде што постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на ниво на општина, град и држава и имаат освоено пофалници, дипломи и признанија.<br><br><br><br>На прашањето дали наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари 29% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат, 39% дека се согласуваат, 37% не се согласуваат, 15% воопшто не се согласуваат 6% воопшто не се согласуваати 3% немаат информација. |

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

**Опис/резиме на подрачјето**

Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем и обезбедуваат постигање на целите од националните стандарди и концепциите.Тие го помагаат личниот развој на сите ученици подеднакво. Не изостанува и мултикултурната тематика која опфаќа договарање, соработка, градење самодоверба и разрешување на конфликти.
Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, ситулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина,што потикнува интерес за учење.

Наставниците редовоно собираат информации за постигањата на учениците. Наставниците користат различни методи за оценување. Применуваат чек листи за вредунување на постигањата, редовно се следат постигнувањата на учениците и се извлекуваат информаци за постигнатите резултати. Наставниците ги запишуваат постигнувањата, правилата и однесувањето на секој ученик во електронски дневник.

Во воннаставните активности коишто ги реализира училиштето, учениците се вклучени според сопствен избор, и постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области.

**Силни страни:**

**Слаби страни**

- Недоволниот процент на ученици кои одговориле дека воопшто немаат информација за спроведениот анкетен лист, покажува дека индиферентноста на учениците па и на родителите, треба да биде на повисоко задолжително ниво на информираност со цел да се приберат информации за квалитетот на ученичко-поучувачките активности.
- Изборот на наставните предмети се ограничени и не се секогаш адекватни на возраста на учениците како и на тековните потреби согласно развојот на технологијата, барањата на пазарот на труд и секако како најважна потребата и интересите на учениците во целост.
- Недеоволен број на образовни асистенти согласно бројката на учениците кој што имаат соодветна документација од МКФ.
- Навремена и континуирана едукација на наставниот кадар за содржини надвор од наставниот процес, содржини за примена на напредни алатки и современа технологија за извршување на процесите кои што се од значење за севкупниот воспитно - образовен процес. Подразбира едукација за изработка на статистика, изработка на извештаи и други форми на документи кои ќе бидат применети во понатамошните извешати на ниво на училиште и другите надлежни органи согласно континуиран развој.
- Недостаток на планови и програми за работа со ученици со посебни образовни потреби. Недостаток на соодветна стручна литература за работа со деца со посебни потреби. Недостаток на тестови за професионална ориентација на ученици, тестови за интелигенција и вештини.
- Построги педагошките мерки да се применуваат за учениците кои неосновано отсуствуваат од наставата.
- Незаинтересираност на родителите за поведението и успехот на ученикот.

- Недоволна вклученост на родителите и учениците во планирањето на содржините и активностите во редовната настава;
- Доедукација на новиот наставен кадар за изготвување на планирањата и дефинирање на целите
- Одреден број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Препораките на наставниците се одлучувачки во изборот на воннаставните активности, како и во планирањето на содржините на активностите.

**Приоритети**

Унапредување на постигањата на учениците преку преку следење  современи методи и техники како и добиени компетенции од одржаните обуки и семинари.

<table>
<tr><th colspan="4">Подрачје 2. Постигање на учениците</th></tr>
<tr><th>ред.бр.</th><th>Индикатори за квалитет</th><th></th><th>Т е м и:</th></tr>
<tr><td>2.1</td><td>Постигања на учениците</td><td rowspan="2">Елена Апостолоска<br>Хава Сарачини<br>Силвана Урџанис<br>Лејла Османи<br>Назмије Бела<br>Блерта Алиу<br>Ганимете Љамалари<br>Оливера Тодоровиќ<br>Весна Стајковска<br>Нуран Речица<br>Роза Нешова<br>Маја Ѓорѓевска<br>Христина Саздова<br>Лилјана Стојановска</td><td>• Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик н а наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попречености<br>• Известување народителите/старателите за постигањата на учениците</td></tr>
<tr><td>2.2</td><td>Мерки за подобрување на постигањата</td><td>• Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување напостигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава</td></tr>
</table>

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Е-дневник; записници од родителски состаноци; анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување; анализи на резултати од екстерни тестирања; анкети со ученици, наставници, родители; интервјуа со стручни соработници, директор. | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | За овај индикатор беше извршена триангулација од податоците што се добиени од записниците на наставничките совети, училишниот одбор, записници од состаноци на стручи активи и интервјуата со стручна служба и директор.<br>Според собраните и анализираните податоци, следењето на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети, го оценуваме како многу добро, бидејќи училиштето континуирано прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. Се изработуваат прегледи за успех по наставни предмети, полова и етничка припадност. На крајот на секоја учебна година исто така се прават споредбени анализи на средниот успех, поведението, изостаноците , како и споредби на успехот на учениците по пол и етничка припадност. Учениците од I до III одделение се оценуваат описно, учениците од IV-VI одделение на прво тромесечие, прво полугодие и трето тримесечје се оценуваат описно, а на крајот од учебната година се оценуваат бројчано, а учениците од VII до IX одделение се оценуваат бројчано. Учеството и постигањата и на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира. По анализите и компарацијата на успехот по предмети, се забележува благо подобрување од полугодишниот до годишниот успех. На пр. во учебната 2022/23 година, на крајот на првото полугодие, во 7мо одд, по предметот македонски јазик 55% од учениците биле со одличен успех, 22.5% со многу добар, 12.5% со добар и 10% со доволен успех. Истата учебна година, по истиот предмет: македонски јазик, 76.9% од учениците биле со одличен успех, 10.25% со мн добар, 5.08% со добар и 5.12% со доволен успех. Во учебната 2023/24 година, по предметот Албански јазик 43.6% од учениците биле оценети со одличен успех, 1.61% со мн добар, 21% со добар, 22.6% со доволен и 11.2% од учениците биле со слаби оценки, додека пак на крајот од истата година, по истиот предмет: албански јазик 64% од учениците биле оценети со одличен успех, 18% со мн добар, 15.4% со добар и 2.57% со доволен успех. |

| | | |
|---|---|---|
| | Резултати од екстерни тестирања | Во изминатиот период на државно ниво не се спроведува екстерно тестирање.<br>Нашето училиште е дел од училиштата во кои се спроведува меѓународно тестирање ТИМСС. ТИМСС (TIMSS – Trends in International Mathematics and Science Study) е меѓународната студија по математика и природна група предмети, која ги мери знаењата и способностите на учениците по математика и природната група предмети во четврто одделение. Преку прашалниците за ученици, наставници и директори се добиваат резултати за тоа како културната средина, наставната практика, целите на наставните програми и систематското уредување на образованието влијаат врз постигањата на учениците. Кај нас беа тестирани ученици од четврто одделение, една паралелка на македонски наставен јазик и една паралелка на албански наставен јазик на 30.05. 2023 и 07.06.2023. Оваа година, на 26 април се продолжи процесот на лонгитудинално ТИМСС 2023 со тестирање на истите ученици во петто одделение заради утврдување на резултатите. Резултатите од тестирањето се очекуваат во декември 2024 година. |

| | | |
|---|---|---|
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Учениците со тешкотии во учењето, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно пропишани процедури. Во нашето училиште има опремено сензорна соба според највисоки стандарди. Во учебната 2022/23 имаше вкупно 24 ученици со посебни образовни потреби, а 2023/24 има вкупно 29 ученици со посебни образовни потреби. Од вкупниот број, 5 ученици се женски, а 24 машки. Вкупно 6 ученици следат настава по ИОП, а 2 ученика следат настава по модифицирана програма.Целокупната работа со овие ученици е поткрепена со соодветна документација. Во нашето училиште има вработено специјален едукатор и рехабилитатор и помагаат 7 образовни асистенти. Стручниот тим изработува годишна програма за работа со учениците со ПОП. За секој ученик се формира училишен инклузивен тим кој учествува во изработката на ИОП-от или модифицираната програма, кај оние ученици кои следат настава по ИОП или модифицирана програма. Училиштето има изготвено програма за надарени ученици, но не се детектирани такви ученици во нашето училиште. Учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата. Учениците со потешкотии во учењето се идентификуваат при следење на нивните постигања во текот на учебната година од страна на наставниците и консултации со стручните соработници. Нивниот напредок постојано се следи. Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење) од компетентни институции. Во училиштето е вработен и специјален едукатор и рехабилитатор кој воедно е координатор на Инклузивниот тим во училиштето. Тимот дава поддршка на наставниците и придонесува за јакнење на нивните капацитети за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот, а воедно им помага при избор и употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа. во континуитет соработува со наставниците и работи со децата со посебни образовни потреби како би се направила што подобра клима за нивна инклузија. Групата деца со кои работат стручните соработници се формира врз основа на наод и мислење од Центарот за ментално здравје и Комисијата за меѓународна класификација на функционалности. Наодите се земаат во предвид кога се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен оперативен план за работа со овие деца или се работи со диференциран пристап. Постигањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во диференцираниот пристап. Се поттикнува инивидуален напредок според индивидуалните способности на овие ученици. Во училиштето се избира истакнат ученик на генерација од петто до осмо одделение и првенец на генерација за |

| | | |
|---|---|---|
| | | деветто одделение, за што е изготвен Правилник со критериуми на успешност и инструмент со бодовна листа за вреднување на учениците кандидати за првенец на генерација. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | За овај индикатор беше извршена триангулација од податоците што се добиени од податоците од анкетираните ученици, родители и наставници, записниците од состаноци со родители, е-дневникот и интервјуата со стручна служба и директор.<br>Поголемиот број на ученици (57%), најголемиот број на родители (88%) целосно се согласуваат или согласуваат дека родителите  редовно се информирани за постигањата на нивните деца и ја користат можноста да разговараат за постигањата на нивното дете по одреден предмет со предметниот наставник.<br>Најголемиот број на ученици (84%) и најголемиот број на родители (83%) и сите наставници (100%) целосно се согласуваат или се согласуваат дека од училиштето се добиваат добри совети и јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето. |

| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Редовност во наставата | За овај индикатор беше извршена триангулација од податоците што се добиени од податоците од анкетираните ученици, родители и наставници, записниците од состаноци со родители, е-дневникот и интервјуата со стручна служба и директор.<br>Според анализираните податоци на сите изостаноци од учебната 2022/23 и 2023/24, се донесе заклучок дека училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, кои даваат резултати. Редовноста задоволува,а доколку има ученици кои се нередовни заради оправдани или неоправдани  причини,класните раководители пријавуваат кај стручната служба, а пак стручната служба повикува родители на советување,каде се укажува на родителите за направениот број на оправдани изостаноци.Доколку родителите не се појават на закажаниот состанок,стручната служба пријавува во МОН и Центар за социјални служби. Просечниот број неоправдани изостаноци е помал од пет по ученик, односно во учебната 2022/23 изнесувал приближно 0,88 %, а во учебната 2023/24 тој процент е приближно 1.16%.<br><br>До истиот заклучок се доаѓа и од податоците од анкетираните ученици каде најголемиот број на ученици (88%) целосно се согласуваат или согласуваат дека родителите  постојано се извесувани за постигањата на нивните деца и ја користат можноста да разговараат за постигањата на нивното дете по одреден предмет со предметниот наставник. Најголемиот број на родители (94%) целосно се согласуваат или се согласуваат дека се информирани за редовноста на нивното дете. |

| | | |
|---|---|---|
| | Советување на родители/старатели и ученици | Советувањето се прави во две сесии. Првата сесија вклучува презентација на стилови на родителство,а во втората сесија, се повикува родителот во дискретна средина поединечно да разговара со педагогот и психологот  за проблемите на своето дете.На овој состанок целта е заеднички да се дојде до заклучок за подобрување на состојбата на ученикот. Советите се ефективни и со самите советувања се подобрува однесувањето, редовноста и успехот на ученикот.<br>Во учебна **2022/2023** година било спроведено *<u>групно советување</u>* на родители /старатели одржани од страна на педагогот и психологот поради :<br><br>1. **Нередовно посетување на наставата** (одржани се по две средби .На првата средба се дефинираат видот, бројот и времето на отсуство на ученици. Се наведуваат можни причини за отсуство меѓу кои замената на следењето на наставата од дома, а дел од родителите ги бараат причините во училиштето, наставниците и стручната служба. Се истакнува и  потребата од вклученоста на родителите во воспитно- образовниот процес. На втората средба се запознаваат со стиловите на родителство и се разговараше за евентуални промени од одржаните средби.)<br><u>Испратени  се  16 покани, а одржани се 8 средби за советувања</u><br>2. **Несоодветно однесување во училиште** (одржани се по две средби.На првата средба се прави точен опис на однесувањето, времето кога се манифестирало однесувањето и разгледување на можни причинители за несоодветното однесување, како и презентирање од страна на педагогот/психологот на можни начини да се поправи тоа. На втората средба се повторуваа правилата на однесување, се анализираше првата средба и се дискутираше за евентуални промени кај учениците. Родителите се запознаваат со стиловите на родителство и потребата од вклученоста во воспитно -образовниот процес на нивното дете. Исто така на ученикот му се одредуваат посебни активности во одредени работилници спроведени од педагогот на училиштето. Се истакнаа придобивките од ваквиот начин на комуникација и родителите пристапија кон проблемот се до решавање на истиот .)<br><u>Испратени се  18 покани за советување и одржани се 18</u> <u>советувања</u>. За попречување на воспитно-образовна работа се повикани и одржани се 17 советувања, за неморално или неетичко однесување  повикани и одржани се 2 советувања, за учество во физичка пресметка  или други форми на насилство повикани и одржани се 6 советувања на ученици и родители и  за навредување на ученик повикани и одржани се 1 советувања. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3. **Намален успех во учењето** ( Одржани се две средби .На првата средба родителите се запознаваат со проблемот и се опишал проблемот, се истакнала потребата од посета на советувањето поради законска обврска и предвидени парични казни и прекршочни постапки. Исто така се нагласила и клучната улога на родителот во надминување на проблемот. втората средба се издвојуваат позитивните ефекти од вклученоста на родителите во советувањето и евентуалните промени кај учениците. Исто така се изјасниле родителите дека ќе бидат активно вклучени во овој процес.)<br>Испратени се 3 покани за советување на родители и ученици за намален успех во учењето за предмети по кои се добиени негативни оценкии и одржани се 3 советувања за истото.<br><br>*Индивидуалните советувања* на родители /старатели се одржани од страна на педагогот и психологот поради повеќе различни причини , меѓу кои: нередовно посетување на настава , несоодветно однесување, намален успех и други причини од дискреционо право.Во учебната 2022/2023 година одржани се 13 советувања на учениците со родителите/старателите.<br><br>Во учебна **2023/2024** година спроведено е г*рупно советување* на родители /старатели одржани од страна на педагогот и психологот поради :<br><br>1. **Нередовно посетување на наставата** (одржани се по две средби. На првата средба се дефинираат видот, бројот и времето на отсуство на ученици .Се наведуваат можни причини за отсуство меѓу кои децата се незаинтересирани поради фокусираноста на виртуелниот живот. Се истакнува и потребата од вклученоста на родителите во воспитно-образовниот процес. На втората средба се запознаваат со стиловите на родителство и се разговараше за евентуални промени од одржаните средби.Родителите посочија дека ќе обрнат внимание за да учениците редовно посетуваат настава.)<br>Испратени се 16 покани, а одржани се 16 средби за советувања.<br>ДЕСКРИПТОР: Многу добро<br>2. **Несоодветно однесување во училиште** (одржани се по две средби. На првата средба се прави точен опис на однесувањето, времето кога се манифестирало однесувањето и разгледување на можни причинители за несоодветното однесување, како и презентирање од страна на педагогот/психологот на можни начини да се поправи тоа. На втората средба се повторуваа правилата на однесување, се анализирала првата средба и |

| | | |
|---|---|---|
| | | се дискутирало за евентуални промени кај учениците. Родителите се запознаваат со стиловите на родителство и потребата од вклученоста во воспитно -образовниот процес на нивното дете и се дискутирало што треба да променат кај себе за да постигнат поуспешна комуникација родител-дете. Исто така на ученикот му се одредуваат посебни активности во одредени работилници/есеј спроведени од педагогот на училиштето. Се истакнале придобивките од ваквиот начин на комуникација и родителите пристапиле кон проблемот се до решавање на истиот.)<br>Испратени се 21 покани за советување и одржани се 21 советувања.<br>ДЕСКРИПТОР Многу добро<br>3. **Намален успех во учењето** ( Одржани се две средби. На првата средба родителите се запознаваат со проблемот и се опишува проблемот, се истакнала потребата од посета на советувањето поради законска обврска и предвидени парични казни и прекршочни постапки. Исто така се нагласувала и клучната улога на родителот во надминување на проблемот. На втората средба се издвоиле позитивните ефекти од вклученоста на родителите во советувањето и евентуалните промени кај учениците. Исто така се изјасниле родителите дека ќе бидат активно вклучени во овој процес.)<br>Испратени се 5 покани за советување на родители и ученици за намален успех во учењето за предмети по кои се добиени негативни оценкии и одржани се 5 советувања за истото.<br><br>*Индивидуалните советувања* на родители /старатели се одржани од страна на педагогот и психологот поради повеќе различни причини , меѓу кои: нередовно посетување на настава , несоодветно однесување, намален успех и други причини од дискреционо право.Во учебната 2022/2023 година одржани се 24 советувања на учениците со родителите/старателите. Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна и додатна настава,како и слободни активности.Врз основа на увидот во актуелните постигања на сите ученици, се преземаат конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, соодветни на нивните можности и потреби. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми, според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка. |

| | | |
|---|---|---|
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците, родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Така, покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да ги совладуваат наставните содржини. Согласно законот за овие ученици, како и за учениците на кои им се изречени педагошки мерки се формираат тимови за поддршка не само за учениците, туку и за нивните родители, нивните соученици, паралелката и наставниците. Училиштето тежнее кон постојано осовременување на наставата преку спроведување проекти и користење современи техники на учење. За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари со што се постигнуваат високи резултати (активни методи на работа во групи, тимска работа, разговор, презентација и демонстрација, употреба на ИКТ во наставата). Со тоа часовите се поинтересно организирани, комуникацијата е поголема, активноста и креативноста на учениците доаѓа до израз и се остварува поголема помош од наставниците. Со истото се согласуваат и најголемиот број на анкетирани ученици (88%).<br>Во нашето училиште редовно се држи додатна и дополнителна настава според претходно изготвен распоред, кој е јавно истакнат на огласна табла. Дополнителната настава во училиштето се организира за учениците кои имаат потешкотии во учењето и заостануваат по одделни наставни предмети или од оправдани причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Поголемиот број на родители (66%) целосно се согласуваат или се согласуваат дека на нивното дете му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа. Реализацијата на додатна и дополнителната настава се евидентира во Педагошка евиденција за дополнителна настава и Педагошка евиденција за додатна настава. |

## Прашања за ученици

| *(Обележи со заокружување на бројката)* | *Целосно се согласувам -4* | | *Се согласувам- 3* | | *Не се согласувам- 2* | | *Воопшто не се согласувам- 1* | | *Не знам/ Немам информација-0* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мак** | **Алб** | **Мак** | **Алб** | **Мак** | **Алб** | **Мак** | **Алб** | **Мак** | **Алб** |
| **Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште.** | 41 | 36 | 39 | 20 | 9 | 3 | 3 | 0 | 3 | 1 |
| | **77** | | **59** | | **12** | | **3** | | **4** | |
| **Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех.** | 40 | 31 | 36 | 23 | 12 | 5 | 2 | 0 | 5 | 1 |
| | **71** | | **59** | | **17** | | **2** | | **6** | |
| **Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава.** | 19 | 13 | 28 | 28 | 25 | 7 | 12 | 6 | 11 | 6 |
| | **32** | | **56** | | **32** | | **18** | | **17** | |
| **Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини** | 36 | 30 | 47 | 23 | 7 | 6 | 4 | 1 | 1 | 0 |
| | **66** | | **70** | | **13** | | **5** | | **1** | |
| **Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови.** | 17 | 17 | 24 | 15 | 25 | 15 | 13 | 3 | 16 | 10 |
| | **34** | | **39** | | **40** | | **16** | | **26** | |




2.1) Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште.

95 responses




2.1 Prindërit/kujdestarët e mi janë vazhdimisht të njoftuar për përparimin tim në shkollë.

60 responses






2.2) Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех.

95 responses




2.2 Mësimidhënësit më nxisin vazhdimisht për përmirësimin e suksesit tim.

60 responses






2.3) Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава

95 responses




2.3 Nëse nuk mund ta mësoj materialin, me kërkesën time, mësimdhënësit më organizojnë mësim plotësues

60 responses






2.4) Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини

95 responses




2.4 Nëse nuk mund ta mësoj materialin, mësimdhënësit përpiqen të ma sqarojnë në mënyra të ndryshme

60 responses






2.5) Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови.

95 responses




2.5 Nëse ndaj ndonjë lënde dua të mësoj më shumë nga ajo që është parashikuar në orët, mësimdhënësit më ofrojnë orë shtesë.

60 responses



**Прашања за родители/старатели**

| *(Обележи со заокружување на бројката)* | *Целосно се согласувам -4* | | *Се согласувам- 3* | | *Не се согласувам- 2* | | *Воопшто не се согласувам- 1* | | *Не знам/ Немам информација-0* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мак** | **Алб** | **Мак** | **Алб** | **Мак** | **Алб** | **Мак** | **Алб** | **Мак** | **Алб** |
| **Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете** | 42 | 32 | 41 | 39 | 8 | 8 | 3 | 2 | 3 | 6 |
| | **74** | | **80** | | **16** | | **5** | | **9** | |
| **Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете** | 42 | 35 | 42 | 38 | 6 | 6 | 4 | 2 | 3 | 6 |
| | **77** | | **80** | | **12** | | **6** | | **9** | |
| **Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете** | 63 | 51 | 32 | 36 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | **114** | | **68** | | **1** | | **1** | | **0** | |
| **На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа** | 43 | 22 | 32 | 29 | 11 | 16 | 3 | 7 | 8 | 22 |
| | **65** | | **61** | | **27** | | **10** | | **30** | |




2.1) Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете

97 responses




2.1 Nga shkolla marr këshilla të mira për përmirësimin e suksesit të fëmijës tim

87 responses






2.2) Од училиштето добивам добри советите за подобрување на однесувањето на моето дете

97 responses




2.2 Nga shkolla marr këshilla të mira për përmirësimin e sjelljes së fëmijës tim

87 responses






2.3) Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете

97 responses




2.3 Në vazhdimësi janë i/e informuar për rregullsinë e fëmijës tim

87 responses






2.4) На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа

97 responses




2.4 Fëmijës tim në shkollë i është mundësuar mësim plotësues ose shtesë, nëse ka nevojë për këtë

87 responses



**Прашања за наставен кадар**

| *(Обележи со заокружување на бројката)* | *Целосно се согласувам -4* | | *Се согласувам- 3* | | *Не се согласувам- 2* | | *Воопшто не се согласувам- 1* | | *Не знам/ Немам информација-0* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мак** | **Алб** | **Мак** | **Алб** | **Мак** | **Алб** | **Мак** | **Алб** | **Мак** | **Алб** |
| **Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето.** | 17 | 15 | 9 | 6 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **32** | | **15** | | **2** | | **0** | | **0** | |
| **Успевам да ги идентификувам надарените ученици.** | 18 | 16 | 7 | 7 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **34** | | **14** | | **1** | | **0** | | **0** | |
| **Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети.** | 12 | 11 | 11 | 10 | 3 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| | **23** | | **21** | | **3** | | **2** | | **0** | |
| **На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето** | 15 | 12 | 11 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **27** | | **22** | | **0** | | **0** | | **0** | |




2.1) Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето

26 responses




2.1 Arrij t'i identifikoj nxënësit me vështirë në nxënie

23 responses






2.2) Успевам да ги идентификувам надарените ученици

26 responses




2.2 Arrij t'i identifikoj nxënësit e talentuar

23 responses



## ГОЛЕМ БРОЈ РОДИТЕЛИ ЈА КОРИСТАТ МОЖНОСТА ДА РАЗГОВАРААТ ЗА ПОСТИГАЊАТА НА СВОЕТО ДЕТЕ ПО МОЈОТ ПРЕДМЕТ/ПРЕДМЕТИ.




2.3) Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети

26 responses




2.3 Një numër i madh i prindërve shfrytëzojnë mundësinë për të biseduar për arritjet e fëmijës së tyre nga lënda ime / lëndët

23 responses






2.4) На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето

26 responses




2.4 Prindërve u jap udhëzime të qarta se si t'i ndihmojnë më së miri fëmijës së tyre në nxënien

23 responses



## Подрачје 2: Постигања на учениците

| **Опис/резиме на подрачјето:**<br>Со цел поголема сигурност и веродостојност на податоците, изготвувањето на овај извештај е потпомогнато со **триангулација** на податоците кои се добиени од статистички извештаи на разни квалификациони периоди, анкети со ученици, наставници, родители, интервјуа со стручни соработн ици, директор, Е-дневник; записници од родителски состаноци; анализи на постигања по различни критериуми. Беа анкетирани 90 ученици кои посетуваат настава на македонски наставен јазик и 60 ученици на албански наставен јазик од 4то до 9то одделение, или вкупно **155 ученици**, потоа 97 родители/старатели на ученици кои посетуваат настава на македонски наставен јазик и 87 родители/старатели на ученици на албански наставен јазик од 1во до 9то одделение, или вкупно **187 родители/старатели** и анкетирани беа 26 наставници кои изведуваат настава на македонски наставен јазик и 23 наставници кои изведуваат настава на албански наставен јазик, или вкупно **49 наставници**.<br><br>Според собраните и анализираните податоци, следењето на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети, го оценуваме како многу добро, бидејќи училиштето континуирано прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. Се изработуваат прегледи за успех по наставни предмети, полова и етничка припадност. На крајот на секоја учебна година исто така се прават споредбени анализи на средниот успех, поведениeто, изостаноците , како и споредби на успехот на учениците по пол и етничка припадност.<br>Учениците со тешкотии во учењето, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно пропишани процедури. Во нашето училиште има опремено сензорна соба според највисоки стандарди.<br>Училиштето има изготвено програма за надарени ученици, но не се детектирани такви ученици во нашето училиште. Учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата. Учениците со потешкотии во учењето се идентификуваат при следење на нивните постигања во текот на учебната година од страна на наставниците и консултации со стручните соработници.<br>Според анализираните податоци на сите изостаноци од учебната 2022/23 и 2023/24, се донесе заклучок дека училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, кои даваат резултати.<br>Советувањето се прави во две сесии. Првата сесија вклучува презентација на стилови на родителство,а во втората сесија, се повикува родителот во дискретна средина поединечно да разговара со педагогот и психологот за проблемите на своето дете.<br>Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците, родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Така, покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да ги совладуваат наставните содржини.<br>Во нашето училиште редовно се држи додатна и дополнителна настава според претходно изготвен распоред, кој е јавно истакнат на огласна табла. |
|---|
| **Силни страни** |

Најголемиот број на ученици (84%) и најголемиот број на родители (83%) и сите наставници (100%) целосно се согласуваат или се согласуваат дека од училиштето се добиваат добри совети и јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето.

Во училиштето има опремено сензорна соба за потребите на учениците со попречености според највисоки стандарди.

Просечниот број неоправдани изостаноци е помал од пет по ученик, односно во учебната 2022/23 изнесувал приближно 0,88 %, а во учебната 2023/24 тој процент е приближно 1.16%.

За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари со што се постигнуваат високи резултати (активни методи на работа во групи, тимска работа, разговор, презентација и демонстрација, употреба на ИКТ во наставата). Со истото се согласуваат и најголемиот број на анкетирани ученици (88%).
Најголемиот број на родители (94%) целосно се согласуваат или се согласуваат дека се информирани за редовноста на нивното дете.

**Слаби страни**

По секој квалификациски период, училиштето прибира податоци според пол и според јазикот на наставата, но не донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата на учениците.

Иако училиштето има изготвено програма за надарени ученици и најголемиот број на наставници (89%) целосно се согласуваат или се согласуваат дека умеат да ги идентификуваат надарените ученици, такви ученици не се детектирани.

Е-дневникот не се води уредно и навремено од сите наставници и затоа родителите немаат можност редовно да се информираат за постигањата на нивното дете.

**Приоритети**

Обезбедување поддршка за навремено и уредно водење Е-дневникот за сите наставници со цел редовно да бидат информирани родителите за постигањата на нивните деца.

Изготвување Квартален акционен план со активности за подобрување на постигањата на учениците.

Креирање постапки за детекција на надарени ученици.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 3.1 Училишна клима<br><br>3.2 Еднаквост и правичност<br><br>3.3 Партнерски однос со заедницата<br><br>3.4 Севкупна грижа за учениците |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Живко Брајковски“ Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 3.1 Училишна клима | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |

| | | |
|---|---|---|
| Кодекс на однесување; анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработинции, родителите/старателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето; пофалби, награди, признанија ; написи за училиштето на социјалните мрежи; решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | Углед/имиџ на училиштето | Во работата на училиштето активно се вклучени сите вработени, учениците и родители без разлика на етничката припадност, економскиот и социјалниот статус. Училиштето е препознатливо и по остварувањето на мисијата и визијата, која наставниците добро ја познаваат бидејќи и самите се вклучени во нејзиното креирање.<br><br>Во нашето училиште наставниците се согласуваат дека меѓучовечките односи се коректни, постои професионална соработка. Вработените во училиштето постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, која е една од основните услови за добра атмосфера во училиштето. Соработката меѓу наставниците е професионална, коректна и пријателска. Учениците, со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учествуваат во различни манифестации од натпреварувачки и културен карактер.<br><br>Угледот и имиџот на училиштето го подигнуваат и медиумите, социјалните мрежи, каде се известува за сите активности што се организираат во истото.<br><br>Угледот од повеќе аспекти се истакнува во локалната средина и пошироко на регионално и републичко ниво. Училиштето се стреми кон посакуваната цел, полека, но сигурно да стане препознатливо не само во регионот туку и пошироко. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Кодекс на однесување</td>
<td>3.1.1(наставници)Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување  во училиштето - наставници<br><br><br>3.1.1(родители)Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето</td>
</tr>
</table>




3.1.2 Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување - наставници



| | | |
|---|---|---|
| | | 3.1.3(родители) Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување<br><br><br>Во училиштето постои усвоен кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Изработката на кодексот е во согласност со Законот за основно образование, а учество зеле сите структури. Истиот е истакнат на видно место заедно со куќниот ред. Училиштето поседува Статут кој се применува соодветно. Училиштето води политика на взаемно почитување на сите структури. Според обработените податоци се востановува дека наставниците учествуваат во изработка на кодексот на училиштето, училиштето постапува соодветно доколку се прекрши кодексот.<br>3.1.4(родители) Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето - родители |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>Според обработените податоци се востановува дека поголемиот број родители се запознаени со кодексот на училиштето, но има и родители кои не се запознаени со кодексот. Потребно е да биде потранспарентен кодексот и секој септември, на првата родителска да им се чита кодексот на родителите.<br>3.1.5(родители) Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесувањ |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>Поголемиот број родители имаат можности да придонесат за развој на содржината на Кодексот на однесување – родители. |

| | | |
|---|---|---|
| | Училишна клима | Сите ученици без разлика на возраст, пол, социјален статус уживаат еднакви права. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици како и кон учениците со посебни образовни потреби кои се активно вклучени во наставата. Училиштето настојува да има еднаков и правичен третман на своите ученици. Сите тие без оглед на својата национална припадност, подеднакво учествуваат во наставните и вонннаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини. Еднаквост и правичност кон сите ученици постои и во работата со компјутери и воннаставните активности. За учениците со посебни образовни потреби одделенските и предметните наставници изработуваат индивидуални образовни планирања кои се приложени како дел од наставните програми по одделни предмети. Училиштето ги наградува и поттикнува учениците за натпревари, но и ги промовира во различни области. Училиштето има правилник за Пофалби и награди на учениците. Ученикот е главен субјект во нашето училиште. За време на одморите организирани се дежурства од наставниците. Пофалбите, наградите и признанијата се истакнати на паноа низ училишните холови. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Поведение и дисциплина во училиштето</td>
<td>3.1.6 За време на моите часови има добра работна атмосфера - наставници<br>
<br>Училиштето има обезбедено еднаквост и правичност за сите ученици пропишано со Кодексот на однесување. Односот помеѓу наставниците и односот помеѓу наставниците и учениците, наставниците и родителите се базира на взаемно почитување. Учениците од ист или од различен пол или од различно етничко потекло се однесуваат пријателски, пристојно и меѓусебно се почитуваат. Проблемите кои се присутни во врска со поведението и дисциплината се незначителни и се резултат на мал број ученици, а училиштето на таквите проблеми реагира со разговори со педагошко-психолошката служба, родителите, наставниците и директорот. Взаемното почитување на сите субјекти во училиштето, редот и дисциплината во училиштето, хигиената, постигање на одлични резултати на регионални и државни натпревари се работи со кои се гордеат сите, како во училиштето така и надвор од него. Според евиденцијата на стручните служби се гледа дека во училиштето нема проблеми со одржување на редот и дисциплината, што истовремено е и резултат на соработката со родителите и</td>
</tr>
</table>

учениците. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки и води политика на навремено справување со евентуално несоодветно однесување на учениците. За непочитување на кодексот на однесување утврдени се критериуми за изрекување на педагошки мерки.

3.1.7(наставници) Добро соработувам со колегите во училиштето - наставници



<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>
3.1.8(родители) Училиштето добро се справува со дисциплината




3.1.9(родители) Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици
</td>
</tr>
</table>




3.1.10(ученици) Сакам да одам на училиште



| | | |
|---|---|---|
| | | Од спроведените анкети, повеќето ученници се изјасниле дека сакаат да одат на училиште, што значи си го саакаат училиштето и им е убаво. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од извршеното интервју со стручната служба констатиравме дека бројот на изречени педагошки мерки во последните три години благо се покачува. Во учебната 2020-2021 изречена е 1 педагошка мерка на ученик во шесто одделение и 2 педагошки мерки се изречени на двајца ученици во деветто одделение. Во учебната 2021-2022 год бројот на изречени педагошки мерки е: 1 педагошка мерка. Во однос на поведението во учебната 2022- 2023 год, 4 ученици се со незадоволително поведение и тоа две момчиња и две девојчиња. Во 2022 -2023 год, со добро поведение се двајца ученици:1 момче и 1 девојче, додека со незадоволително поведение е еден ученик.<br>Во учебната 2023/2024 со намалено поведние се 2 ученици од шесто одделение, 4 ученици од седмо одделение и 3 ученици од деветто одделение. Со тоа констатираме за мала, но забележителна разлика во однос на намаленото поведение и изречените педагошки мерки на учениците. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Двајца ученици од ученичкиот парламент се дел од работата на Училишниот одбор без право на глас. Учениците преку ученичката заедница се вклучени во донесување на одлуки од нивен интерес. Исто така учениците се информираат за своите права, но и обврските кои тие права со себе ги носат. Училиштето постојано презема мерки за подобрување на здравјето на учениците и на нивната безбедност преку организирање на систематски и стоматолошки прегледи на учениците, вакцинации, предавања, соработки, презентации на теми од областа на здравјето како и редовно информирање за начините на ширење на заразните болести и начините за превенција од нив.<br><br>Училиштето води политика на заемно почитување, вклученост и рамноправна соработка меѓу етничките структури кои се застапени во училиштето и тоа е основа за нормално функционирање како заедница. Ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка |

| | | |
|---|---|---|
| | | припадност и социјално потекло, ја подржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Сите ученици се чувствуваат прифатени во училиштето. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета и разговори со ученици, родителите/старателите, наставници, стручна служба; извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); структура на паралелките; записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција; дневник за работа на стручните | Познавање и почитување на правата на децата | Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Декларацијата за права на детето е императив според кој се водат сите вклучени во образовниот процес. Училиштето е спремно да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права и во согласност на потребите тоа и го прави. Училиштето ги поттикнува учениците да ги осознаваат своите права преку организација на различни предавања и трибини. На одделенските часови и преку состаноците на Детската организација и Училишната заедница. Учениците се информираат за своите права, но и обврските кои тие права со себе ги носат. На редовните родителски средби за правата и обврските на децата се информираат и родителите од кои постојано се бара соработка и им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски. |

| | | |
|---|---|---|
| соработници; оперативен план за наставен час; записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето настојува да има еднаков и правичен третман на своите ученици. Сите тие без оглед на својата национална припадност подеднакво учествуваат во наставните и воннаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини. Сите ученици без разлика на возраста, полот, социјалниот статус уживаат еднакви права. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици како и кон учениците со посебни потреби кои се активно вклучени во наставата. Еднаквост и правичност кон овие ученици постои и во работата со компјутери и вонаставните активности. За учениците со посебни образовни потреби одделенските и предметните наставници изработуваат индивидуални образовни планирања кои се приложени како дел од наставните програми по одделни предмети.<br><br>3.2.1 Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка - наставници<br><br> |

Според обработените податоци се востановува дека за поголемиот број  наставници атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка.

3.2.2 Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата




3.2.3 На учениците им укажувам на различните механизми за

заштита на нивните права кои постојат во училиштето - наставници




3.2.4 Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман-наставници



| | |
|---|---|
| | 3.2.5 Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности-наставници<br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3.2.6 Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите - наставници<br><br><br>3.2.7(родители)Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците |




3.2.7(родители) Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците




3.2.8(родители) Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето



| | |
|---|---|
| | 3.2.9(ученици) Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците<br><br><br>3.2.10(ученици) Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме |




3.2.11(ученици) Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме



| | |
|---|---|
| | 3.2.12(ученици) Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици<br><br><br>3.2.13(ученици) Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, |

| | | |
|---|---|---|
| | | презентирање, одговарање), како и другите ученици   |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; интервју со претставник на локалната заедница; статут на училиштето; интернет-страница на училиштето; договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции; извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и со претставниците на локалната | Соработка на училиштето со родителите/старателите | 3.3.1 Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината  кои се од интерес на училиштето и заедницата<br><br><br>Во нашето училиште од особена важност е високото ниво, на кое се остварува комуникацијата помеѓу родителите на учениците. Од таа причина се посветува големо внимание активната комуникација со родителите да се одвива непречено преку организирање на редовни но по потреба и вонредни родителски средби кои пак од своја страна според природата на проблемот можат да бидат индивидуални и заеднички. Во училиштето се планирани активности за вклучување на родителите во училишниот живот. Соработката на училиштето со родителите е перманентна, транспарентна и јавна. Родителите се поттикнуваат да се вклучат во образованието на своите деца и редовно се консултираат при донесување на Годишната програма за работа на училиштето, но и за сите други проблематики кои се од интерес на нивните деца. Соработката на училиштето со родителите се остварува преку повеќе форми: индивидуални средби, задолжителни родителски средби, отворен ден за соработка, вклучување на членови во Советот на родители, со членување во |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училишен одбор и друго. За родителите и другите надворешни соработници има приемен ден за посета, разговор, односно соработка со одделенскиот раководител, предметните наставници, психологот, педагогот, директорот и секогаш се води евиденција кои посетители доаѓаат и со каква намера заради безбедноста на учениците. Родителите на учениците кои пројавуваат несоодветно однесување навремено се повикувани на психолошко советување. Учениците преку ученичката заедница се вклучени во донесување на одлуки од нивен интерес. Во училиштето постои професионална соработка помеѓу вработените која придонесува за постоење на добра атмосфера, која се пренесува на родителите и посетителите во училиштето. Организирана форма на делување на родителите е Совет на родители. Советот по потреба одржува состаноци на кои се запознаваат со целите и задачите за работа, активностите кои ги планира училиштето и дава идеи и предлози за одредени прашања за унапредување на воспитно образовната работа. |

| | | |
|---|---|---|
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето има континуирана соработка со релевантните инстиуции од областа на воспитно – образовната дејност преку посетување на семинари, обуки и проекти организирани од МОН и БРО.<br><br>Комуникацијата на училиштето со Градоначалникот и Советот на општината се остварува преку членовите на Училишниот одбор кој се избрани од советот на општината и преку секторот за образование во општината. Соработката со локалната самоуправа се остварува преку реализирање на проекти кои се значајни за подобрување на условите за работа на училиштето.<br><br>Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво па и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проекти и слично. Локалната заедницаучествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Училиштето активно учествува со невладини организации, иституции од областа на културата, здравствените домови, Црвен крст. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработиници, родителите/старателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документација; организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; | Превенција и заштита од насилство | Просторот во кој учат учениците е безбеден. Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им пристапуваат чувствително. Во училиштето има Куќен ред и Правилник за однесување на сите структури. Истите се истакнати на видливи места, низ училишните холови на паноа. Со нив се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците и родителите. Училиштето во соработка со наставниците и родителите го дополни Правилникот за однесување за учениците, наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор (Куќен ред). Правилникот беше предложен и усвоен од Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор. Приоритетна задача на училиштата, како и на сите други институции кои се грижат за децата е создавање на услови за безбедно растење, развој и заштита на децата од насилство. Во училиштето се превземаат превентивни мерки за справување со појавите на сите видови на врсничко насилство(соработка со СВР-Скопје превенција, Црвен Крст). Правилникот за однесување на наставниците, учениците и родителите се презентира секоја учебна година на првиот училишен ден и на родителски средби, а неговата одржливост се постигнува со постојано насочување на учениците кон неговите начела. За решавање на разни проблеми на децата, стручната служба разговара и со родителите, спроведува работилници и програма за советување на родители кои се пропишани со закон. За ученици за кои постои сомневање дека се физички или психички злоупотребени, известувањето се врши преку наставникот кој го забележал тоа или има сознанија од други ученици до одделенскиот раководител, кој го упатува до училишниот педагог, психолог (каде добива стручна помош или пак ученикот се упатува во соодветна институција на локалната заедница, а воедно се контактира и разговара и со |

| | | |
|---|---|---|
| записници од спроведените активности за професионална ориентација. | | родител/старател на ученикот). Ваквиот пристап му помага на ученикот полесно да ги надмине последиците и да ги согледа причините. Доколку има несоодветно однесување од страна на ученици, на Наставничкиот совет им се изрекува соодветна педагошка мерка.<br><br>3.4.1 Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти - наставници<br><br><br><br>3.4.2 Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти - наставници |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>3.4.3 Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство - наставници |




3.4.4 Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес - наставници



| | | |
|---|---|---|
| | | 3.4.5 Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активноститево училиштето-наставници<br><br><br><br>3.4.6 Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за |

подобрување на воспитно-образовниот процес-наставници




3.4.7(родители) Моето дете сака да оди на училиште



| | | |
|---|---|---|
| | | 3.4.8(родители) Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици<br><br>3.4.9(родители) Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска |

припадност или друго.




3.4.10(ученици) Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно



| | | |
|---|---|---|
| | | 3.4.11(ученици) Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици.<br><br> |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Заштита од пушење, алкохол и од дрога</td>
<td>3.4.12 Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење,алкохол и дрога - наставници<br>
<br>На одделенските часови, се реализираат работилници, на кои учениците следат предавања за превенции од болести на зависност, алкохол, дрога, пушење, насилството, дискриминација, пубертет како и асоцијално однесување. Во соработка со Црвен Крст – Чаир редовно се организираат и одржуваат работилници и трибини на кои се потенцира штетноста на овие средства. Во училиштето и училишниот двор не е дозволено пушење и пиење на алкохол.</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Квалитет на достапна храна | Училиштето има организирана исхрана (ужина и топол оброк) за учениците во училиштето и дневниот престој. Редовно се проверува квалитетот на храната од релевантни институции. Досега не е забележана појава на труење на ученици од храна. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците, а исто така се одржуваат и работилници во кои учениците заедно со наставниците приготвуваат оброци (смути, шејкови и сл. ) од здрава храна (овошје, зеленчук). |
| | Хигиена и заштита од болести | Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Училиштето секојдневно воспитно и образовно делува посочувајќи им на учениците и на вработените како да ја одржуваат хигиената во просториите во кои престојуваат. Учениците и вработените се грижат и ја одржуваат хигиена во просториите. Подот на училниците, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат секојдневно, пред почетокот на наставата, по големиот одмор и по заминувањето на учениците. Инвентарот, вратите и прозорците во училишниот простор се чистат според распоред на неделно и месечно ниво. Тоалетите за учениците и наставниците секојдневно се чистат и хигиената во истите е задоволителна. Дворот на училиштето е чист, а дел е и хортикултурно уреден. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Грижата за здравјето на учениците е внимателно планирана и опфатена во Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето има пропишани процедури за грижа и ги фрлаат отпадоците во нив. За учениците се вршат редовни систематски прегледи и имунизација во Поликлиника Чаир, а во училиштето се спроведува санитарен преглед како и систематски прегледи на вработените. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | 3.5(ученици) Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми<br><br>Во училиштето се превземени повеќе активности за да се овозможи безбеден престој на учениците: безбедна инфраструктура и постојано присуство на дежурни наставници. Дежурните наставници за време на одморите се присутни помеѓу учениците, го надгледуваат нивното однесување, се грижат за безбедно пристигнување, престој и заминување на учениците од училиштето. Во училиштето е поставен и видео надзор со цел безбедност и заштита на учениците, како и контрола на нивниот влез и излез 24h на ден. Сето ова овозможува безбедноста на учениците да биде на високо ниво. Најмалите ученици се примаат при доаѓање и се испраќаат по завршувањето на часовите. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Во случај на вонредни социјални, материјални потреби кај семејствата, училиштето преку советот на родители им обезбедува поддршка и помош преку спроведување на хуманитарни акции или обезбедување на надворешна финансиска помош. Училиштето соработува со локалната заедница и други институции кога е во прашање помош за социјално загрозени ученици. Севкупната грижа на училиштето за учениците е добра. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Секоја учебна година редовно се вршат здравствени, систематски прегледи на учениците и наставниците. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Во училиштето во Годишната програма за работа, има планирано процедури за рано откривање и работа со ученици со емоционални проблеми. Проблемите од овој вид кај децата се откриваат при упис во прво одделение и преку разговори со нив, посета на часови, разговори со родителите и наставниците. Учениците се информирани дека можат да се обратат на стручните соработници доколку се соочаат со емоционални проблеми (развод на родителите, болест во семејството, трауми од конфликти и насилство во семејството). Стручната служба е професионално подготвена да им помогне на учениците и/или на родителите во вакви ситуации и да ги упати до релевантните институции. Училиштето има редовна соработка со соодветните институции, како што се здравствените установи, МКФ, Центарот за социјална работа, Црвен Крст – Чаир, МВР и други. Со овие ученици се работи индивидуално, во група, а по потреба се вклучуваат и родителите. |

| | | |
|---|---|---|
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Во училиштето се реализира настава во паралелки до деветто одделение. На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното школување во основното образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Училиштето превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Се организираат презентации од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците ќе се запознаат со условите и критериумите за упис во средно образование. Сите активности се планираат навремено, а нивната цел е учениците правилно да се информираат и ориентираат запознавајќи се со можностите кои ги нудат средните училишта, занимањата и струките, местополжбата на училиштето во градот. Преку овие активности учениците поддржани од своите наставници си ги откриваат своите интереси и желби каде сакаат да го продолжат своето школување и на кој начин треба да аплицираат. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>**Анализа на резултатите:**<br><br>Според сите обработени податоци, прашалници, инетрвјуа - училиштето има обезбедено еднаквост и правичност за сите ученици пропишано со Кодексот на однесување. Односот помеѓу наставниците, односот помеѓу наставниците и учениците и наставниците и родителите се базира на взаемно почитување, разбирање и соработка. Учениците од ист, од различен пол или од различно етничко потекло се однесуваат пријателски, пристојно и меѓусебно се почитуваат. Проблемите кои се присутни во врска со поведението и дисциплината се незначителни и се резултат на мал број ученици, а училиштето на таквите проблеми реагира со разговори со педагошко-психолошката служба, родителите, наставниците и директорот, а доколку не вроди со плод разговорот се даваат соодветните казни, според правилникот на училиштето. Взаемното почитување на сите субјекти во училиштето, редот и дисциплината во училиштето, хигиената, постигање на одлични резултати на регионални и државни натпревари се работи со кои се гордеат сите, како во училиштето така и надвор од него.<br><br>Нашето училиште е надалеку позаното по работа на проектите, посебно проекти со меѓуетнички карактер, како национални, така и меѓународни. |
|---|
| **Силни страни**<br><br>▪ Меѓусебното почитување и разбирање како меѓу наставниците, така и меѓу наставниците, учениците и останатиот персонале на високо ниво<br>▪ Училиштето ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;<br>▪ Соработката со родителите е на завидно ниво;<br>▪ Постои позитивна клима за нови проекти во образовниот процес, високо едуциран наставен кадар кој е постојано спремен на доедукација и обуки.<br>▪ Училиштето го поттикнува прифаќањето и промовирањето на мултикулурализмот, успешно реализира проекти со меѓуетнички карактер |

- Училиштето ги промовира јавно своите постигнувања и активности како преку разни манифестации, така и преку медиумите.
- Во училиштето се негува хуманоста и солидарна помош кон ученици од социјално загрозени семејства.
- Училиштето соработува со: МОН, БРО, ДИК, Општина Бутел, МВР, медиуми, други училишта итн.
- Се почитува и спроведува кодексот на однесување меѓу ученик- наставник - психолог- директор-и останатите вработени
- Постои меѓусебна соработка со локалната самоуправа при реализирање на разни активности;
- Се води грижа за усмерување на учениците за правилен избор на понатамошно образование - професионален развој на учениците.
- Училиштето има постојано добра соработка со родителите.
- Соработката со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор е на високо ниво.

**Слаби страни**

- Потребно е што повеќе родители да се вклучуваат во активности во наставниот процес, како и во вonнаставните активности.
- Не сите учениците се чувствуваат слободно да разговараат со своите наставници и стручна служба кога се за нешто загрижени.
- Односот ученик-ученик не е на задоволително ниво (вербални напади и закани), а во исклучително ретки случаи и физички пресметки помеѓу учениците.
- Родителите сметаат дека недоволно се вклучени во училишните активности

**Приоритети**

Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Креирање активности за вклученост на родителите во наставниот процес за подобрување и збогатување на наставата.
- Обезбедување услови кои ќе овозможат учениците слободно да разговараат со своите наставници/стручни соработници за теми кои ги засегаат.
- Реализирање активности меѓу учениците од различна етничка припадност за односот ученик-ученик да се подигне на повисоко ниво.
- Планирање и реализирање  воннаставни активности кои ќе имаат за цел меѓуетничка соработка и толеранција, во кои ќе бидат опфатени најмалку 60% од учениците.

- Поттикнување и реализирање  самоиницијативи од учениците кои би го изразил нивниот интерес

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Статут на училиштето<br>- Развојна Програма<br>- Годишна Програма<br>- Интервју со членовите од УО<br>- Годишна програма на училиштето;<br>- Записници од стручни активи | Управување со училиштето | Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор кој е конституиран согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Составен е од 7 члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите, тројца претставници од Советот на Родители, еден претставник од основачот локалната самоуправа (Општина Бутел). На седниците на УО учествуваат и двајца претставници на учениците избрани од Училишниот парламент, но без право на глас. Од именуваните членови е избран претседател кој ги планира, свикува и раководи со седниците. Надлежностите на УО се јасно дефинирани со Деловникот за работа. Седниците се одржуваат со мнозинство на членови на УО. Одлуките исто така секогаш се донесуваат со мнозинство на гласови. УО обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето и другите образовни структури. УО ја донесува развојната програма на училиштето, предлага Годишна програма и Извештај за работа на училиштето до Советот на Општината, врши надзор и обезбедува поддршка, расправа и одлучува по прашања во врска со работата на училиштето (избор на персонал, финансиски надзор, следење на квалитетот на оценување,подобрување на односите со локална и централна власт. |
| | Раководење со училиштето | Соработката на директорот со сите субјекти во училиштето за размена на идеи поврзани со новините во наставниот процес или разрешување на конкретни проблеми е отворена, пред се секојдневна. Директорот иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети зацртани во развојниот план преку ефективна самоевалуација. Воспоставува |

| | | |
|---|---|---|
| | | продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница. Во училиштето постои правилна поделба на трудот каде што јасно се дефинирани надлежностите за управување, односно секое од раководните лица точно знае кои се неговите надлежности, улога и задачи, дефинирани со акти донесени од органот на управување. Раководниот тим прави договарање за состанокот, подготвува дневен ред, расправа по дневниот ред актуелен за времето на решавање на проблемите кои се од решлива природа. Во колку некој проблем е нерешлив во моментот, тогаш соработува и со институциите од системот на образованието и Локалната самоуправа. Комуницира по телефон, електронски по e–mail<br><br>разменува информации и податоци, преку Одделението за општествени дејности при Локалната самоуправа воспоставува контакт со надлежните органи и организации, комуницира со Бирото за развој на образованието. Сите договарања се прават од отворен тип, достапни за секој вработен во училиштето, учениците и родителите, со следење и почитување на сите препораки и упатства од Министерството за образование и наука. Раководниот тим одржува состаноци според Годишните програми за работа на соодветните тела и тоа: пред почетокот на учебната година, месечно, на тримесечие, на полугодие и на крајот на наставната и учебната година. Вонредните состаноци се одржуваат по потреба од било каква природа, насочена кон активностите за училиштето. Состаноците се водат според однапред изготвен дневен ред, а присуството на истите е задолжително. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училиштето има јасен план и распоред, и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вонаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br><br>Во училиштето има функционално мрежно поврзани компјутери за наставници, кои ги извршуваат своите дневни педагошки обврски. |

| | | |
|---|---|---|
| - Досиеа на вработени<br><br>- Програма за работа на стручната служба<br><br>- Годишна програма на училиштето | | Исто така училиштето располага со 2 ЛЦД проектори, 1 платно за проекција, 15 смарт табли поврзани со ЛЦД проектори, набавено е нов училишен мебел столчиња и клупи.<br><br>Училишната библиотека библиотека располага со библиотечен од 3476 примероци на книги лектирни изданијаи и детска литература од кои 2636 се на македонски наставен јазик и 836 на албански наставен јазик.<br><br>Учениците од двете смени ја користат библиотеката за соодветна намена.<br><br>Училиштето има сензорна соба со соодветни нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби. Сензорната соба е финансирана од Локалната самоуправа и уцилиштето.<br><br>За успешно изведување на предметите од природна наука, има кабинет со современи нагледни средства кои се финансирани од МОН, за предметот по информатика има прилагодена училница.<br><br>За наставата по физичко и здравствено образование има фискултурна сала реновирана во 2022 преку финансии од МОН, каде има и две соблекувални: машка и женска, кабинет за наставници, и купатила со топла вода.<br><br>Училиштето располага и со спортски терен за футбал и кошарка.<br><br>Во училиштето се изведува и дневен престој, од 1-5 одд на македонски наставен јазик, и од 1-3 odd на албански наставен јазик, и се прилагодени две училници адаптирана според стандардите за |

| | | |
|---|---|---|
| -Програма за професионален развој на наставничкиот кадар<br><br>- Професионално досие на наставник/стручен соработник<br><br>- Извештај од самоевалуација<br><br>- Програма за работа на менторот (програма за работа на менторот)<br><br>- Анкети на училиштето за професионален развој<br><br>- Листи од спроведени интерни обуки | | дневен престој со забавни и едукативни содржини во согласност со програмата<br><br>Училиштето за потребите на дневниот престој располага и со кујна.<br><br>Фотокопирот со кој располага училиштето редовно се полни со тонер, и е во употреба од наставниците.<br><br>Училиштето има 6 канцеларии каде ги задоволува потребите на службите: педагог, психолог, дефектолог, наставничка канцеларија, мала канцеларија кај стручна служба, техничка служба, секретар на училиште, мајстор и директор.<br><br>Училишниот двор е ограден и хортикултурно уреден. |
| | Раководење со кадарот | Наставниот кадар во училиштето е распореден според стручните квалификации на истиот при што се обезбедува ефикасен наставен процес со користење на расположивите ресурси, а паралелките се формирани според утврдени стандарди и нормативи за непречено изведување на наставата. Наставниот кадар брои вкупно 76 наставници, и 3 стручни соработници. Од нив 5 наставници се магистри, а другите се со високо образование. Од стручните соработници само еден е магистер.<br><br>Соработката на директорот, стручната служба, наставниот кадар, Училишен одбор, Совет на родители и други институции е на соодветно ниво со професионален однос и конструктивна соработка. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците постојано се вклучени во процес на професионално усовршување преку изготвување и реализација на личен професионален план , како и вклученост во екстерни, интерни, онлајн обуки организирани од БРО, МОН и други институции, како и дисеминација на бројни обуки од различни области, потреби и интереси на наставниот кадар согласно целите на наставните програми за основно образование и осовременување на воспитно-образовниот процес.<br><br>Училиштето располага со добри услови за работа, како и нагледни средства кои се користат од страна на поголем број наставници, но потребно е почесто користење на расположивите наставни средства за постигнување на повисоки цели во ВОР.<br><br>Следење на работата на наставниот кадар се врши тековно од страна на стручната служба и директорот на училиштето најмалку два пати во едно полугодие, но и повеќе пати според потребите за следење на работата на наставниот кадар и напредокот на одредена категорија ученици (ученици со ПОП), при што им се даваат повратни информации и насоки за ефективноста и пристапот во работата.<br><br>Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирано професионални досиеја.<br><br>Училиштето има пропишано процедура за организирање и реализирање приправнички стаж.<br><br>Стручната служба како поддршка на наставниот кадар<br><br>Училиштето има стручна служба (училишен педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор) која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на |

| | | |
|---|---|---|
| | | напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка. Училишниот дефектолог и психолог обезбедува поддршка на наставничкиот кадар и образовните и личните асистенти за работа со деца со посебни образовни потреби. Вработените го почитуваат работното време. Во училиштето се спроведува електронско евидентирање на работното време со картички. Редовноста на техничкиот персонал и наставниот кадар ја следи директорот и помошникот на директорот. Во случај на отсуство на некој наставник за еден ден се менува распоредот за пополнување на празните часови, а за повеќе денови со потешкотии се наоѓа наставник за замена на отсутниот наставник. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Директорот и стручната служба континуирано во текот на годината вршат посета и набљудување на часови кај одделенските наставници и предметните наставници. За истото училиштето располага со соодветна документација. Училиштето има изготвено Програма за професионален развој на наставниот кадар. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на Бирото за развој на образованието и МОН, како и обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани организиации. Наставниците учествуваа на семинари и обуки од Еразмус програмата и реализираат проектни активности од истиот проект. Потребите на наставниците за професионалниот развој се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи. Училиштето има добра пракса за дисеминирање на знаењето – организирање на интерни обуки. Стручната служба континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари и истите се евидентирани во Портфолијата за професионален развој на наставниците. Работата на наставникот приправник ја следи наставникот |

| | | |
|---|---|---|
| | | ментор и стручната служба, кои даваат соодветна и стручна помош. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа<br><br>- Извештаи од интерната евалуација<br><br>- Развојна програма на училиштето<br><br>- Годишна програма за работа на училиштето<br><br>- Извештај од претходната самоевалуација<br><br>- Записници од УО<br><br>- Интервју со директорот и финансиската служба<br><br>- Анкетни прашалници | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција, намалување на насилството во училиштата, намалување на семејното насилство, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност, еколошко образование итн. Вработените активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и за активностите за нивно остварување. При креирањето на политиките училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците. Учениците, родителите и вработените во училиштето се запознати со куќниот ред и протоколот за однесување во училиштето. Училиштето има план за евалуација на акциските планови, преку што се следи реализацијата на поставените цели. |
| | Резултати од развојно планирање | Целите од развојното планирање во целост се реализирани, а заклучокот е донесен преку анализа на развојните и конкретните цели. Единствено воспитно делување на сите ученици на воспитно-образовниот процес. Воспитување на учениците за почитување на основните слободи и правата на човекот за живеење во демократска заедница Унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието Да се поддржува сознајниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците со развивање на спознанието за себеси и другите, чувство на праведност, одговорност, приватност, толеранција и солидарност Посветување посебно внимание на одговорноста за чување на општествениот имот на секој поединец, член на работниот колектив и учениците. Развивање и издигнување на еколошката свест и култура на учениците, преку реална едукација низ |

| | | |
|---|---|---|
| -<br><br>Развојна програма на училиштето<br><br>- Годишна програма заработа на училиштето<br><br>- Извештај од самоевалуација<br><br>-План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови<br><br>- Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите учениците | | проекти. Следење на опфатеноста на учениците и реализирање на плановите за слободни активности, додатна и дополнителна настава, преку тоа ќе ги негуваме и унапредуваме нивните капацитети, ќе се почитуваат нивните интереси и склоности за да се реализираат преку воспитно образовниот процес. Учениците да се оспособуваат за усно и писмено изразување на мајчиниот јазик, да им се овозможи да ги усвојат основните знаења и умеења од областа на јазикот, математиката, природните и општествените науки, за човекот, информатиката,техничките средства и уметностите, да ги изучуваат странските јазици, да се запознаат со други култури и со постигнувањата и вредностите на други народи во светот Да им се овозможи на учениците да усвојуваат знаења од минатото, културните традиции и државноста на Република Северна Македонија, развивање љубов и почит кон татковината Организирање активности за превентивно воспитно едуцирање на учениците против зависности - пушењето, алкохолизмот и наркоманијата. Планирање на воспитни активности. Поддржување и помагање на иницијативите за организација на образовни, иновативни, културни, спортски и уметнички активности за младите. Оспособување и развивање творечки однос кон работата, да се создаваат поголеми услови за забрзан развој на талентираните ученици и за подршка и развој на децата со посебни образовни потреби Континуирано следење на напредокот на учениците, индивидуален пристап низ сите наставни и воспитни области со цел да извршиме целокупно согледување на ученикот. Усогласување на ставовите на наставниците и одделенските раководители во врска со критериумот за оправдување на изостаноците, поведението и оценувањето на успехот на учениците. Кај учениците да се развива самостојноста, креативноста и да го збогатуваат интересот за усвојување на нови знаења Развивање истражувачки дух и збогатување на интересот за стекнување на нови знаења со примена на активна настава каде ќе се развива свесна, морална, критична и креативна личност, која ќе биде активен субјект |

| | | |
|---|---|---|
| | | на демкратското општество. Овозможување успешно завршување на основното образование и напредување. |
| - Записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет<br><br>-Програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор<br><br>-План за професионален развој | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и изработува финансиски план за распределување на финансиските средтсва.<br><br>Буџетот на училиштето го планира финаскиката служба во училиштето и локална самоуправа.<br><br>Директорот го известува училишниот одбор за финансискиот план , завршна сметка и пописот во училиштето.<br><br>Училишниот одбор и Советот на општината го освојуваат финанскиот план.<br><br>При изготвување на финансискиот план се води сметка за буџетските приоритети кои се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето.<br><br>Средствата наменски се искористуваат за подобрување на квалитетот на наставата и учењето , подобрување на постигањата на учениците како и развојот на училиштето во целина.<br><br>Финанските средства се обезбедуваат од сметките 903 од локалната самоуправа, 603 од МОН и 787 самофинансирачка сметка од сопствени извори на училиштето кои средства се обезбедубаат од издавање на училишниот простор, донации од родители и различни проекти кои ги реализираат наставниците од училиштето.<br><br>Буџетот за наредна година се планира на крај од предходната година и истиот поминува на училишен одбор и се усвојува во општина. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето преку платите на наставниците кои се пофалувани и наградувани исплаќаат средства преку блок дотоции од МОН.<br><br>Информациите во врска со буџетот на училиштето се споделуваат преку веб страната на училиштето каде се објавуваат финансискиот план, завршната сметка.<br><br>**Наставници**<br><br>4.1. Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање<br><br><br><br><br>4.2 Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки |




4.3. Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности




4.4. Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби




4.5. Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие



4.6. За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација




4.7. Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам



| | |
|---|---|
| | 4.8 Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците<br><br>4.9. Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето<br> |

**РОДИТЕЛИ**

**4.1.** Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето




**4.2.** Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период



| | |
|---|---|
| | **4.3.** Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки<br><br><br>**4.4.** Училишната библиотека е достапна за сите ученици<br><br> |

**4.5.** Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен




**4.6.** Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето



**УЧЕНИЦИ**

**4.1.** Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период




**4.2.** Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време.



| | |
|---|---|
| | **4.3.** Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера<br><br> |
| | |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br>- Училишниот простор, вклучувјќи ја и салата за физичко образование и уциличниот двор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативите.<br><br>- Училиштето располага со библиотека која е снабдена со библиотечен фонд на книги и лектирни изданија 3786 ком.<br><br>- Големината на училниците соодвествува на бројот на на учениците во паралелките.<br><br>-Наставниците имаат подршка за нивната стручно усовршување за што е изготвена програма за професионален развој.<br><br>- Стручен и квалитетен наставен кадар<br><br>- Финансиското работење е транспарентно и во согласност со законската регулатива.<br><br>- Стучната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.<br><br>- Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализирање на воспитно образовниот процес. |
|---|
| **Силни страни**<br>-Усогласување на планирањата и наставните програми со дадени препораки од соодветни институции при штои се постигнува подобрување на квалитетот на наставата;<br><br>-Јасна визија и мисија за развојот и напредокот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители<br><br>- Навремено ажурирање на административна документација (Годишни програми за работа и годишни извештаи за работата на училиштето, на училишниот одбор, директор, записници одучилишен одбор, совет на родители, наставнички совети, родителски средби...); |

**Слаби страни**

-Библиотеката нема стручен кадар и нема доволен број книги со стручна, странска и педагошка литература како и литература за деца;

- Потреба од компјутери и компјутерска опрема за учениците и смарт табли во секоја училница;

**Приоритети**

- Опремување 3 училници каде што се реализира настава во прво одделение со смарт табла.
- Опремување 2 училници каде што се реализира настава во второ и четврто одделение на албански наставен јазик со смарт табла.
- Опремување 2 училници каде што се реализира настава во трето и петто одделение со смарт табла.
- Опремување 3 училници каде што се реализира настава во шесто одделение со смарт табла.
- Опремување 1 училница каде што се реализира настава во седмо одделение на македонски наставен јазик со смарт табла.
- Опремување 2 училници каде што се реализира настава во осмо одделение со смарт табла.
- Опремување 3 училници каде што се реализира настава во деветто одделение со смарт табла.
- Доопремување спортски реквизити.
- Дополнување со изложбени паноа по ходниците.
- Дополнување библиотечен фонд на лектирни изданија на македонски наставен јазик.
- Дополнување библиотечен фонд на лектирни изданија на албански наставен јазик.
- Континуирана набавка на литература.